# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ УГ.20

Овој образец го пополнуваат сите угостителски и неугостителски деловни субјекти и други деловни субјекти кои во својот состав имаат барем една од следните видови угостителски деловни единици за сместување: хотел, пансион, мотел, туристички апартман, хотелски населби, ноќевалиште, гостилница (ако дава и услуги за сместување), бањско лекувалиште, климатско лекувалиште, планинарски дом или куќа, работничко одморалиште кое располага со сопствен капацитет (сопствени згради, станови, апартмани, камп-куќички, бунгалови), детско и младинско одморалиште кое располага со сопствен капацитет (сопствени згради, станови, апартмани, камп-куќички, бунгалови), младински хотел, одморалишта на лица со попреченост, привремени сместувачки капацитети и коли за спиење.

**Образецот се пополнува и се доставува до надлежниот статистички орган до 15 октомври 2015 година.**

Извештајните единици даваат податоци за секој свој објект за сместување на територијата на Република Македонија.

**Идентификациски податоци**

Идентификациските податоци се преземаат од документацијата на угостителскиот објект за сместување и тоа од: решението односно образецот за тековната состојба на деловните субјекти. Овие решенија се издаваат од страна на Централниот регистар на Република Македонија кога се регистрираат нови деловни субјекти или трговци-поединци, кога се врши промена на дејноста или пренамена на објектот, како и кога се врши распределба на единиците во состав на еден деловен субјект. **Покрај секое решение се издава и образец за тековната состојба на деловните субјекти.**

**Министерството за економија - Секторот за туризам издава Решение за исполнување на минималните технички услови за секој угостителски објект во кое е наведено за каков вид и категорија на угостителски објект за сместување се работи.**

**А. Единица за исхрана и точење на пијалаци во составот на единицата за сместување**

Се запишува бројот и капацитетот на единиците за давање услуги за исхрана и точење на пијалаци што се наоѓаат во состав на единицата за сместување.

**Седишта во затворен простор** - број на седишта во салите и трпезариите за јјадење и точење на пијалаци.

**Седишта на отворен простор** - број на седишта во изградените бавчи и тераси, како и број на седишта што се користат на тротоарите на улиците.

**Б. Придружни објекти, простории, терени и средства за давање посебни услуги со кои располага единицата за сместување**

**Во зависност од тоа дали објектот за сместување има или нема некои од споменатите објекти, терени и слично, на најголемиот дел од наведените прашања се одговара така што се заокружува "1" (ако го има наведениот објект, терен и сл.) или "2" (ако го нема наведениот објект, терен и сл.).**

*Прашање 1.*

Во заеднички простории спаѓаат просториите што служат за гледање телевизија, играње карти, билијард и друго.

*Прашање 2.*

Во просториите за мирен престој не смеат да бидат инсталирани радио или ТВ приемници.

*Прашање 3.*

Ако единицата има сала за конгреси, советувања и сл., треба да се заокружи бројот, а во соодветните куќички да се запише бројот на седиштата во таа сала (или сали ако ги има повеќе).

*Прашање 4.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 5.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 6.*

Бројот на базени се запишува во куќичката и тоа посебно бројот на базени во затворен, а посебно на отворен простор. Ако единицата за сместување нема базен, во куќичката не се запишува ништо.

*Прашање 7.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашања 8, 9 и 11.*

Во соодветните куќички се запишува бројот на игралишта. Ако единицата за сместување ги нема наведените игралишта, во куќичката не се запишува ништо.

*Прашање 10.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашања 12 и 15.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 13.*

*Под* Спа и Велнес центар, се подразбира понуда на хотелите со повисока категорија кои нудат одредени содржини за одмор, релаксација, провод и слично. При тоа ги задоволуваат минималните стандарди на понуда и организација.

*Прашање 14.*

Под фитнес центар се подразбира просторија наменета за телесно вежбање на поединци или помали групи, опремена со различни направи и реквизити. **Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 16.*

Се смета дека во единицата за сместување е обезбедена лекарска нега ако е обезбедено давање на лекарски услуги на гостите било преку сопствен лекар било преку лекар од здравствена установа со која е склучен договор за давање на лекарски услуги. **Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 17.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 18.*

Ако единицата за сместување има сопствено пристаниште, се заокружува бројот "1", а во куќичките се запишува бројот на заврзи. Ако единицата за сместување нема сопствено пристаниште, се заокружува "2", а во куќичката не се запишува ништо.

*Прашање 19.*

Ако единицата за сместување во својот состав има гаража за сместување на возилата на гостите, се заокружува "1", а во куќичките се запишува бројот на возилата што можат да се сместат во гаражата. Ако единицата нема гаража за сместување на возилата на гостите, се заокружува "2", а во куќичката не се запишува ништо.

*Прашање 20.*

Ако единицата за сместување има паркинг-простор, се заокружува "1", а во куќичките се запишува бројот на возила што можат да се сместат на паркинг-просторот. Ако единицата нема паркинг-простор, се заокружува "2", а во куќичките не се запишува ништо.

*Прашање 21.*

Во куќичките се запишува бројот на автобусите и бројот на минибусите со кои располага единицата за сместување. Ако единицата нема автобус или минибус, во куќичките не се запишува ништо.

*Прашање 22.*

Во куќичките се запишува бројот на патничките автомобили со кои располага единицата за сместување. Ако единицата нема патнички автомобил, во куќичките не се запишува ништо.

*Прашање 23.*

Во куќичките се запишува бројот на моторните чамци и глисери со кои располага единицата за сместување. Ако ги нема, во куќичките не се запишува ништо.

*Прашање 24.*

Во куќичките се запишува бројот на чамците и едрилиците (без мотор) со кои располага единицата за сместување. Ако ги нема, во куќичките не се запишува ништо.

*Прашање 25.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 26.*

**Се заокружува бројот зад прашањето,** доколку објектот располага со сопствени сончеви колектори за затоплување на вода.

*Прашање 27.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.** Под ова се подразбира услуга која може да ја користи гостинот во објектот за сместување.

*Прашање 28.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 29.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 30.*

Се смета дека единицата има продажно место ако во угостителската единица е обезбедена продажба на весници, сувенири, цигари и друго, без оглед дали таа се одвива во продавница, на посебен пулт или на рецепција. **Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 31.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

*Прашање 32.*

**Се заокружува бројот зад прашањето.**

**В. Капацитети за сместување**

**Главен објект**, по правило, се смета оној објект во кој, покрај услуги за сместување, се даваат и услуги за исхрана, точење на пијалаци и други услуги што вообичаено се вршат во угостителството и во кој се води рецепциска служба.

**Депанданс** е одвоен градежен објект во кој се даваат само услуги на сместување, а сите други угостителски услуги се даваат, по правило, во главниот објект.

**Податоците за главниот објект се запишуваат во колоната "Главен објект",** а во другите три колони се запишуваат податоци за депандансите, и тоа за секој депанданс во состав на главниот објект, во посебна колона, без оглед дали депандансите се од иста или различна категорија. Една угостителска единица за сместување, по правило, има само еден главен објект, а може да има повеќе депанданси.

Ако единицата за сместување во својот состав има повеќе од три депанданси, треба да користи два или повеќе обрасци, со тоа што колоните 05, 06, 07 на другиот образец да ги пренумерира, во колони 08, 09, 10, односно 11, 12, 13 итн.

*Прашање 1.*

На линијата се запишува категоријата на објектот, односно депандансот во согласност со Правилникот за минималните технички услови за вршење угостителска и туристичка дејност и Законот за угостителска дејност. Решението за исполнување на минималните технички услови го издава Министерството за економија - Секторот за туризам, во кое е наведено за каков вид и категорија на угостителски објект за сместување се работи.

*Прашање 2.*

Годината на изградба на објектот се запишува на линијата. Ако објектот е дограден, а доградениот капацитет е поголем од претходниот, како година на изградба се запишува годината на доградба на објектот или годината кога се направени реновирањата кои значително влијаеле на зголемување на вредноста на објектот и промена на категоријата.

*Прашање 3.*

Бројот на апартмани се запишува во соодветните куќички и тоа посебно бројот на апартмани со кујна, а посебно бројот на апартмани без кујна.

Како апартман се смета збирот на просториите што сочинуваат: двокреветна соба, просторија за дневен престој и бања. Апартманот може да има и кујна.

*Прашање 4.*

Во соодветните куќички се запишува бројот на семејните апартмани. Семеен апартман е самостојна станбена единица со сопствен влез, претпростор, една или повеќе соби, бања, дневен престој, простор за приготвување на храна и простор за јјадење.

*Прашање 5.*

Се запишува бројот на соби во кои се поставени легла за издавање на гостите. Во соодветните куќички се запишуваат вкупниот број на собите и од тоа бројот на собите според бројот на леглата во нив. Збирот на бројот на собите според бројот на леглата мора да биде еднаков на вкупниот број на собите. **Бројот на собите во апартманите и семејните апартмани овде не се искажува.**

*Прашање 6.*

Се запишува бројот на леглата, вклучувајќи ги леглата во апартманите и семејните апартмани. Во соодветните куќички се запишува вкупниот број на леглата и од тоа бројот на постојаните легла и бројот на помошните легла, а брачните (двојните) кревети во собата се бројат како два кревета.

Како постојани легла се искажуваат леглата што редовно се подготвени за изнајмување на гости. Како помошни легла се искажуваат леглата кои, по правило, служат за попладневен одмор на гостите, како и дополнителните легла со кои сместувачкиот капацитет се дополнува за време на сезоната.

*Прашање 7.*

Во соодветните куќички се запишува бројот на собите (без собите во апартманите и семејните апартмани) според тоа дали имаат проточна вода, санитарни уреди, греење, телефон, пристап до интернет (WiFi, кабелски или бежичен), фрижидер, ТВ приемник и климатизер.

Збирот на бројот на собите искажани под 7.1. мора да биде еднаков на вкупниот број на собите што е искажан кај прашањето 5. Истото важи за бројот на собите искажан под бројот 7.2., односно за бројот на собите искажан под 7.3.

*Прашање 8.*

Во соодветните куќички се запишува бројот на заедничките бањи и бројот на заедничките WC (комплекси на WC).

*Прашање 9.*

На линијата се запишува бројот на деновите во кои е отворен целиот капацитет.

*Прашања 10, 11, 12.*

Бројот на леглата (прашања 10 и 12), односно бројот на местата за шатори (прашање 11), ќе го запишат само оние единици што имаат камп-куќички во состав, терен уреден за кампување и закупени приватни соби, односно легла во приватни соби.

*Прашање 13.*

Се запишува вкупниот број на депандансите во состав на угостителската единица за сместување. Овој број мора да биде еднаков на збирот на колоните во кои се искажани податоците за депандансите во оваа табела. Ако се користат два или повеќе обрасци, збирот се формира за секој образец.

*Прашање 14.*

Вкупна корисна површина на угостителскиот објект - во куќичките се запишува вкупната нето-корисна површина на угостителскиот објект за сместување, изразена во $м^2$. Корисна површина е збир на површините на подовите на сите простории во состав на објектот. Површините се пресметуваат според мерките меѓу финално обработените површини на ѕидовите мерени од внатрешниот раб на прагот на влезните врати. Податокот се презема од проектната документација или договорот за закуп.

Ако угостителскиот објект за сместување е на два или повеќе ката (нивоа), се запишува збирната површина за сите катови (нивоа).

За објект што има депанданси, како корисна површина се искажува површината на главниот објект и на депандансот збирно. Како површина на туристичките апартмани се искажува површината на сите апартмани.

*Прашање 15.*

Во куќичките се запишува износот на набавната ревалоризирана вредност на основните средства (главен објект и депанданси) според завршната сметка во 2014 година, прикажана во билансот на состојба. Износите се запишуваат во илјади денари.

Прашање 16.

Структурата на приходите се искажува во проценти и се однесува на 2014 година.

Документација за пополнување на прашалникот УГ.20 е книговодствената евиденција и документацијата: книгите на годишните и периодичните пописи на основните средства, техничката документација за изградените објекти, правните акти за регистрацијата и категоризацијата на единиците и договорите за закуп или друга форма на договори.